ПП бр: 13 – 32 / 4

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок бр. ПП 13-106/8 од 10.11.2025 година против Друштво за производство, трговија и услуги Пама маркети ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Булевар Србија бр.25 Скопје, Аеродром, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7464150 и ЕДБ 4032020547085, претставувано од управител Елена Илијоска, на седница одржана на ден 05.02.2026 година година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека Друштво за производство, трговија и услуги Пама маркети ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Булевар Србија бр.25 Скопје, Аеродром, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7464150 и ЕДБ 4032020547085, со жиро сметка 200003793766798 во Стопанска Банка АД Скопје, претставувано од управител Елена Илијоска, сторило прекршок од член 26 став (1) точка 2) и точка 3) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), а во врска со член 7 став (6) и член 8 став (1) точка 20) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи , за што му се изрекува глоба во износ од 12.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2. Се утврдува дека согласно член 26 став (2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24), на одговорното лице (управител) во правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Пама маркети ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Булевар Србија бр.25 Скопје, Аеродром, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7464150 и ЕДБ 4032020547085, претставувано од управителот Елена Илијоска со живеалиште на БУЛЕВАР 3-ТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА бр.37-1/17 Скопје, Република Северна Македонија, му се изрекува глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

**3.** Глобата од точка 1 и точка 2 од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка

на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

На 29.09.2025 година, на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст:„КОП"), врз основа на член 9, член 10 и член 19 став (1) од законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи, (во понатамошниот текст:„Законот"), беше донесен Заклучок за прибавување докази на лице место ПП бр. 13-106/1 од 29.09.2025 година.

На 01.10.2025 година, овластените лица од Комисијата, постапувајќи согласно Заклучокот за прибавување докази на лице место ПП бр. 13-106/1 од 29.09.2025 година, извршија дејствија согласно член 19 од Законот во правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Макоил ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на Булевар Србија бр. 25, Скопје, Република Северна Македонија. За превземените дејствија, овластените лица од Комисијата водеа Записник ПП бр. 13-106/2 од 01.10.2025 година.

На 01.10.2025 година, на седница на КОП, врз основа на член 18 од законот, беше донесен Заклучок за барање на податоци ПП бр. 13-106/3 од 01.10.2025 година. Со допис ПП бр. 13-106/4 од 01.10.2025 година, КОП го достави Заклучокот ПП бр. 13-106/3 од 01.10.2025 година до правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Пама маркети ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Булевар Србија бр.25 Скопје, Аеродром, Аеродром, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7464150 и ЕДБ 4032020547085, претставувано од управител Елена Илијоска (во понатамошниот текст:„ПАМА"). Со Заклучокот ПП бр.13-106/3 од 01.10.2025 година, ПАМА беше задолжен до КОП да ги достави следните податоци:

- Оригинал или копија верна на оригиналот од договори за снабдување со земјоделски и прехранбени производи согласно одредбите на Законот склучени помеѓу ПАМА и добавувачите: Топ Базар, Рудине ММ, МИН-ЕКС, Магрони. Побараните договори треба да биле со важност на 01.10.2024 година, а доколку биле склучени и нови договори, истите да се испратат до Комисијата;
- Влезни фактури од добавувачите за периодот 01.10.2024 -20.10.2024 година како и доказ за плаќање на фактурите со јасно наведување на датумот на плаќање за истите;
- Аналитичка картица по конто 2200 - обврски кон добавувачи за период 01.10-31.12.2024 година за наведените добавувачи;
- Картичка на добавувач со наведените добавувачи, за период 01.01-31.12.2024 година, во која се наведени бараните фактури и плаќањата на истите.

ПАМА беше задолжена да ги достави бараните податоци до КОП во рок од 7 дена од денот на приемот на заклучокот.

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

На 21.10.2025 година,  Заклучокот за барање на податоци ПП бр. 13-106/3 од 01.10.2025 година заедно со дописот ПП бр. 13-106/4 од 01.10.2025 година беа испратени до ПАМА и по електронски пат (е-маил) со ПП бр. 13-106/5 од 21.10.2025 година, при што беше побарана и потврда од страна на ПАМА за примената порака (е-маил).
На 24.10.2025 година, со допис ПП бр. 13-106/6, ПАМА достави податоци до КОП, согласно Заклучокот бр. 13-106/3 од 01.10.2025 година.
Со наведениот допис беа доставени:
- Договори за снабдување со земјоделски и прехранбени производи со добавувачите: МИН- ЕКС, Топ Базар, Рудине ММ, Магрони доо;
- Влезни фактури од добавувачите за период 01.10.2024-31.12.2024 година и
- Аналитички картици по конто 2200 – обврски спрема добавувачите за период 01.10-31.12.2024 година.
ПАМА во својот допис ПП бр. 13-106/6 од 24.10.2025 година наведе и дека дополнително ќе бидат доставени оригинални документи за фирмите кои недостигаат.
На 30.10.2025 година, со допис ПП бр. 13-106/7, ПАМА достави дополнителни податоци до КОП, кои недостигале во првичното доставување на 24.10.2025 година.
Согласно  анализата на дотогаш доставените податоци од страна на ПАМА, КОП утврди дека видно од аналитичките картици со добавувачите Топ Базар, МИН-ЕКС и Рудине ММ, евидентирани се ставки со опис повратници, што укажува на евентуален поврат на производи кои претходно биле испорачани на ПАМА.
Така, во доставената аналитичка картица на Топ базар евидентирани се повеќе ставки со опис - повратници и тоа на: 03.10.2024 година на износ од 529,00 денари; на 04.11.2024 година на износ од 536,00 денари; на 05.12.2024 година на износ од 715,00 ден; на 08.10.2024 година на износ од 381,00 денари и на 25.12.2025 година на износ од 750,00 денари. Во доставената аналитичка картица на МИН-ЕКС евидентирани се две ставки со опис - поврат и тоа на 08.10.2024 година на износ од 381,00 и на 25.12.2024 година на износ од 750,00 ден. Во доставената аналитичка картица на Рудине ММ евидентирани се две ставки со опис - повр. и тоа на 07.11.2024 година на износ од 867,00 ден и на 05.12.2024 година на износ од 861,00 ден.
Исто така, од аналитичките картици со добавувачот Топ Базар, КОП утврди дека долгот на ПАМА кон добавувачот на 01.10.2024 година изнесувал 201.148,00 денари. Во периодот 03.10.2024 - 30.10.2024 година, извршени се набавки по следните фактури:

- 183953 од датум 03.10.2024 година на износ од 4.348,00 ден,
- 183933 од датум 03.10.2024 година на износ од 21.028,00 ден,
- 183925 од датум 03.10.2024 година на износ од 667,00 ден,
- 184229 од датум 10.10.2024 година на износ од 2.248,00 ден,
- 184320 од датум 15.10.2024 година на износ од 4.458,00 ден,
- 184496 од датум 17.10.2024 година на износ од 7.493,00 ден,
- 184495 од датум 17.10.2024 година на износ од 6.684,00 ден,
- 184631 од датум 22.10.2024 година на износ од 3.649,00 ден и
- 184862 од датум 25.10.2025 година на износ од 11.889,00 ден

Наведените фактури согласно одредбите на Законот доспевале во периодот 02.12.2025-24.12.2025 година, односно по изминување на 60 денови од денот на фактурирањето. Заклучно со 25.12.2025 година, од аналитичките картици констатирано е  дека ПАМА нема извршено навремено плаќање кон добавувачот Топ Базар на погоре наведените фактури издадени од добавувачот Топ Базар.

На 10.11.2025 година, на седница на КОП, врз основа на се погоре наведено, беше донесен заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 13-106/8 од 10.11.2025 година против ПАМА, заради тоа што сторило евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 2) и/или точка 3), а во врска со член 7 став (6) и член 8 став (1) точка 20) од Законот. Со заклучокот од ПАМА беше побарано да достави до КОП оригинал и заверена копија од тековната состојба на субјектот. Со допис ПП бр. 13-106/9 од 10.11.2025 година, КОП го достави заклучокот ПП бр. 13-106/8 од 10.11.2025 година до ПАМА.
На 21.11.2025 година, на седница на КОП, беше донесен заклучок за барање на податоци од Трговско друштво за производство и трговија на големо и мало РУДИНЕ ММ ДОО увоз – извоз Скопје ПП бр 13-106/10 кој беше доставен до истото со допис ПП бр. 13-106/11 од 21.11.2025 година. На истата седница на КОП, беше донесен и заклучок за барање на податоци од Трговско друштво за производство, трговија и услуги МИН-ЕКС Петре ДОО увоз – извоз Кавадарци ПП бр. 13-106//12, кој беше доставен до истото со допис ПП бр. 13-106/13 од 21.11.2025 година. Со наведените заклучоци, КОП побара од доставувачите на ПАМА информација за кои производи се однесува повратот; кој е основот за поврат на истите; дали производите се платени од страна на ПАМА и доколку се платени по која цена се платени, во кој рок и да биде испратена излезна фактура со доказ за плаќање.
На 01.12.2025 година, со допис ПП бр. 13-106/14 од страна на ПАМА до КОП беше доставена тековна состојба и изјава во врска со заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр. 13-106/8 од 10.11.2025 година. Во доставената изјава, ПАМА има наведено дека ПАМА не одбегнувала обврски, ниту постапувала со намера да создава нелојална конкуренција. Фактичката состојба со Топ Базар ја објаснува со фактот дека помеѓу фирмата ПАМА, Топ Базар и Макоил ДООЕЛ има потпишан меѓусебен договор за соработка и цесија, односно плаќањата помеѓу трите наведени фирми се вршело иклучиво со цесии. Во прилог на ова, ПАМА доставува аналитички картици и договор за соработка и цесија, како доказ за горенаведеното објаснување. Понатаму, ПАМА наведува дека цесиите биле применувани исклучиво како инструмент за надминување на настанатата финансиска нерамнотежа и истото претставува договорен, легален и транспарентен модел меѓу двете страни и на тој начин се обезбедувало одржување на деловниот однос без правење дополнителен финансиски притисок. Во изјавата, ПАМА нагласува и дека трите фирми имаат потпишано Договор за меѓусебна соработка и цесија, Пама не преземала ниту една мерка со цел да ја наруши конкуренцијата, не постапувале со намера да создадат финансиска предност на пазарот и дека цесиите биле механизам за стабилизација, а не за избегнување на обврски. ПАМА изјавува дека кај нив не постои ниту злоупотреба, ниту пазарно доминантно однесување, туку плаќањето со цесија е реципрочна последица од договор за деловна соработка и цесија, што е правен механизам. На крајот од Изјавата, ПАМА бара од КОП да ги земе во предвид Договорот за деловна соработка и цесија со ТОП базар, аналитичките картички, фактот дека цесиите биле договорен и применет инструмент за стабилизирање на меѓусебните обврски и дека нивното плаќање не било намерно спречувано, туку условено до договор за меѓусебна соработка и цесија.
По однос на наводите за евентуално сторениот прекршок, наведени во заклучокот за поведување на прекршочна постапка, а поврзан со добавувачите Рудине ММ и МИН-ЕКС, ПАМА не се произнесе во својата изјава.

На 02.12.2025 година, од страна на МИН ЕКС ДОО до КОП беше доставен допис ПП бр. 13-106/15 - документација и податоци во врска со заклучокот за барање на податоци ПП бр. 13-106//12 од 21.11.2025 година.
На 11.12.2025 година, од страна на РУДИНЕ ММ ДОО до КОП беше доставен допис ПП бр. 13-106/16, во врска со заклучокот за барање на податоци ПП бр. 13-106//10 од 21.11.2025 година.
На ден 22.01.2026 година, КОП на седница донесе известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.13-32/1, кое беше доставено до Пама со допис ПП бр.13-32/2 од 22.01.2026 година.
На ден 04.02.2026 година, од страна на ПАМА до КОП беше доставено писмено изјаснување со ПП бр. 13-32/3. Во своето писмено изјаснување, ПАМА наведуваат дека и покрај тоа што е неспорно дека помеѓу ПАМА и добавувачите (Топ базар, Рудине ММ ДОО и Мин-Екс) постоеле деловни односи, при анализата Комисијата не ја согледала целокупната меѓусебна облигациона релација, односно дека истите субјекти истовремено се јавуваат и како должници на ПАМА во други договорни односи, дека постоеле меѓусебни побарувања и дека постоеле договори за цесија, со кои што побарувањата биле регулирани на дозволен и законски начин. ПАМА појаснуваат дека не станува збор за еднострано и намерно неплаќање, туку за комплексен облигационен однос со заемни побарувања, кој што е уреден согласно Закон за облигациони односи (понатаму во текстот ЗОО). Во изјаснувањето има посебен осврт на цесиите како законски дозволен инструмент кој е уреден согласно член 431 од ЗОО, односно дека побарувањето може да се пренесе на трето лице (цесија) без согласност на должникот, освен ако не е поинаку договорено. Наведуваат дека во конкретниот случај цесиите се документално докажани, кои се склучени во период кога постоеле заемни долгови и дека истите не се користени за избегнување на плаќање, туку за компензација и одржување на ликвидноста. Истото го квалификуваат како законски механизам за регулирање на обврски, а не како нефер трговска практика. Во однос на роковите за плаќање, каде што КОП се повикува на член 7 став 6) од законот, ПАМА наведува дека истиот неможе да се применува изолирано, односно дека споменатиот член мора да се толкува во корелација со облигационите односи. Во врска со враќањето на непродадената стока член 8 точка 20), ПАМА појаснува дека враќањето на производите било извршено согласно договорни одредби, за производи кои се со ограничен рок или комерцијална неисплатливост и дека истото не претставува еднострано и злоупотребувачко постапување. Во врска со предвидената глоба и пропорционалноста на истата, ПАМА наведува дека во периодот за кој е вршена контрола, истиот/истите претставувале мал трговски субјект, немале претходни санкции, нема докажана штета по пазарната конкуренција и не постоела умисла за сторување на прекршок. Според ПАМА, изрекување на максимална санкција би било несразмерно и спротивно на целта на законот. Во врска со наводите изнесени во писменото изјаснување од ПАМА, КОП утврди дека: ПАМА не постапувала согласно предвидените законски одредби кои го регулираат рокот на плаќање на доспеаните обврски. Во врска со истото, согласно член 7 став (6) од законот, јасно е регулирано дека доколку договорот за снабдување од ставот (1) на овој член предвидува редовна испорака на:
- лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 30 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или

подоцна од 30 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен и

- други земјоделски и прехранбени производи кои не се сметаат за расипливи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 60 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 60 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен.

Согласно оваа законска одредба, роковите за плаќање се јасно дефинирани во член 7 став (6) од законот и не постои потреба од примена или толкување на дополнителни законски одредби кои се предвидени со други закони. Во конкретниот случај, посочениот ЗОО од страна на ПАМА, претставува lex generalis, додека Законот за нефер трговски практики претставува lex specialis во кој јасно се дефинирани забранетите постапувања.

Во врска со констатираниот поврат на производи опфатени со законот, кој поврат и ПАМА во своето писмено изјаснување го потврдува, КОП утврди дека ПАМА не постапува согласно јасните законски одредби кои ја регулираат оваа материја, поточно член 8, став (1) точка 20) од законот, кој предвидува дека за нефер трговска практика во односот меѓу купувачот и добавувачот се смета кога купувачот ги враќа на добавувачот непродадените земјоделски или прехранбени производи кои се испорачани без да плати или без да плати за отстранување на тие производи, без оглед на преговарачката моќ во членот 6 на овој закон.

Имајќи ги во предвид сите прибавени податоци и информации во текот на постапката, КОП утврди дека ПАМА не постапува согласно задолжителните одредби од законот, а ваквото однесување на ПАМА претставува прекршок од член 26 став (1) точка 2) и точка 3), а во врска со член 7 став (6) и член 8 став (1) точка 20) од Законот.

Од увидот во доставената тековната состојба на ПАМА со датум 12.09.2025 година, КОП утврди дека според големината на субјектот, ПАМА претставува среден субјект.

КОП утврди дека согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот, на правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Пама маркети ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Булевар Србија бр.25 Скопје, Аеродром, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7464150 и ЕДБ 4032020547085, со жиро сметка 200003793766798 во Стопанска Банка АД Скопје, ќе му изрече глоба во износ од 12.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

Исто така, КОП утврди дека согласно член 26 став (2) од Законот, на одговорното лице (управител), Елена Илијоска со живеалиште на адреса булевар 3-ТА Македонска Бригада бр.37-1/17 Скопје - Аеродром, Република Северна Македонија во правното лице Друштво за производство, трговија и услуги Пама маркети ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Булевар Србија бр.25 Скопје, Аеродром, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7464150 и ЕДБ 4032020547085, ќе му изрече глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од триесет (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**